

**Марија Емилија КУКУБАЈСКА**

(Меѓународен симпозиум за турската култура, Универзитет Гоце Делчев Штип, 7.5.2025)



Принцезата Арсенија IV

Република Туркие постанува моќна културолошка и археолошка сила, со наоѓалишта меѓу најстарите во светот. *Boncuklu Tarla,* Göbeklitepe, Çatalhöyük, *Aşıklı Höyük,* Hattuşa, *Truva*
, Didim, Ефес. Анадолија е еминентен феномен на листата интензивни светски истражувања на цивилизациски наследства. Алгоритмите на вештачката интелигенција проценуваат дека на светско ниво се откриени само околу 1/1000 дел од 1% материјални културни наследства, подземни и подводни, а од нив само 1/10 од 1% се истражени. Човековиот гениј е упатен кон меѓуѕвездени истражувања, а на планетата земја остануваат неистражени точки насекаде, од Гиза и Баалбек, до Турција, Јапонија, Македонија. Сеуште не се пронајдени посмртните останки на Великиот Александар Македонски и татко му Филип, на Клеопатра и сестра и', но етичката компонента во науката копа кон минатото, ослободувајќи го од старо-новите геополитички интереси.

Случајот со споменикот во Ефес, посветен на убиената Арсенија, принцеза од македонската династија на Птоломеите во Египет, е објективен доказ за непристрасно, благородно истражување и почит на турските културолошки науки и кон светското наследство убицирано на нивна територија, тогаш дел од Римска империја. Најновите истражувања демантираат дека остатоците од младата девојка во саркофагот и' припаѓаат на Арсенија, иако архитектонскиот октагон сугерира Александриски идентитет. Сепак, овој споменик отвара и други значајни и комплексни прашања од уредувањето, законодавството и религиите во тогашните општества. Како се регулирани ривалските односи меѓу кралските семејства, меѓу нив и нивните воени и цивилни поданици, како е третманот на жената во време на мир или војна.

